Број 5
14.03.2023 година

Службен гласник на општина Делчево Уредува
Излегува по потреба Одделение за правни и општи работи

МАРТ 2023

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина

Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден **14.03. 2023** година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ АКТИ ОД 21. СЕДНИЦА**

**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**I**

Да се објават во „Сл.гласник на општина Делчево“, актите што Советот на Општина Делчево ги донесе на **21. седница**, одржана на **13.03.2023** година и тоа:

1. **Завршна** сметка на Буџетот на Општина Делчево за 2022 година;
2. **Заклучок** за усвојување на Годишен извештај на Општина Делчево за 2022 година;
3. **Одлука** за утврдување на зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во претходна година на подрачјето на општина Делчево;
4. **Заклучок** за усвојување на Завршна сметка на Јавната локална библиотека „Илинден“-Делчево за 2022 година;
5. **Заклучок** за усвојување на Завршна сметка на ОЈУДГ „Весели Цветови“-Делчево за 2022 година;
6. **Заклучок** за усвојување на Завршна сметка на ООУ „Св.Климент Охридски“ за 2022 година;
7. **Заклучок** за усвојување На Завршна сметка на ООУ „Ванчо Прке“ за 2022 година;
8. **Заклучок** за усвојување на Завршна сметка на СОУ „Методи Митевски Брицо“ за 2022 година;
9. **Програма** за одржување на јавна чистота во општина Делчево за 2023 година;
10. **Програма** за управување со отпад во општина Делчево за 2023 година.
11. **Одлука** за сопствено финансиско учество за проект „Регулација на коритото на река Брегалница во централно градско подрачје на град Делчево низводно-фаза 2“;
12. **Одлука** за одлободување од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување;
13. **Одлука** за одобрување на финансиски средства на Крум Николовски за печатење на монографија за с. Косово Дабје;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 08- ________/1**
**14.03. 2023 год.**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник,**
**Горан Трајковски, с.р.**

1.Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Р.М.”број 5/02) и член 33, точка 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (“Службен весник на РМ“ бр.61/04, 96/04, 22/07, 67/07, 156/09,

47/11,192/15,209/18, и Службен весник на РСМ 244/19,53/21,77/21, 150/21 и 173/22), Советот на Општина Делчево на својата21. седница одржана на ден 13.03.2023 година, донесе

## З А В Р Ш Н А   С М Е Т К А

## НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2022 ГОДИНА

1.Општ дел

*Член 1*

Завршната сметка на буџетот на општина Делчево за 2022 година се состои од:

| | Планирано | Реализирано |
|---|---|---|
| **I. Вкупни приходи** | **286.309.838** | **269.843.959** |
| - даночни приходи | 42.488.000 | 34.820.565 |
| - неданочни приходи | 7.648.238 | 9.504.139 |
| - капитални приходи | 6.877.000 | 5.337.136 |
| - приходи од дотации | 175.432.800 | 172.757.606 |
| - трансфери | 46.998.000 | 43.431.984 |
| - донации | 6.865.800 | 3.992.529 |
| **II.Вкупни расходи** | **302.443.623** | **274.367.738** |
| - утврдени намени | 302.393.623 | **274.367.738** |
| - резерви | 50.000 | 0 |
| **III. Дефицит** | **- 16.133.785** | **-4.523.779** |
| **IV. Финансирање** | **16.133.785** | **4.523.779** |
| **Прилив** | **19.599.785** | **7.989.029** |
| - Домашни приливи | 4.550.000 | 2.959.636 |
| - Странски заеми | | |
| -Депозити | 15.049.785 | 5.029.393 |
| **Одлив** | **3.466.000** | **3.465.250** |
| - отплата на главнина | 3.466.000 | 3.465.250 |

Член 2

Салдото на сите сметки на Буџетот на Општина Делчево на 31.12.2022 година , износува:

| | |
|---|---|
| -Салдо на 31-12-2022 | 17.353.303 денари |
| Салдо -основен буџет | 382.116 денари |
| Салдо буџет- дотации | 4.919.590 денари |
| Салдо буџет- самофинансирачки активности | 6.731.929 денари |
| Салдо буџет- донации | 290.275 денари |

Салдото на основниот буџет во износ од 382.116 денари се пренесува како прилив на основниот буџет на општина Делчево за 2023 година.

Салдото на буџетот на дотации во износ од 4.919.590 денари се пренесува како прилив на буџетот на дотации на општина Делчево за 2023 година.

Салдото на буџетот на самофинасирачки активности во износ од 6.731.929 денари се пренесува како прилив на буџетот на самофинансирачки активности на општина Делчево за 2023 година.

Салдото на буџетот на донации во износ од 290.275 денари се пренесува како прилив на буџетот на донации на општина Делчево за 2023 година.

*Член 3*

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи.

*Член 4*

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на општина Делчево за 2022 година ќе се објави во “Службен гласник на општина Делчево“.

Број 09- 722/1 Совет на општина Делчево

13.03.2023 година Претседател,

Делчево Гоце Попов,с.р.

2. Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 21.редовна седница, одржана на ден 13.03.2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

За усвојување на Годишниот извештај

на Општина Делчево за 2022 година

1.Се усвојува Годишниот извештај на Општина Делчево за 2022 година и тоа:

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-723 /1**
**13.03.2022 год.**
**Д е л ч е в о**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Гоце Попов,с.р.**

**3.** Врз основа на член 5 од Законот за даноци на имот (“Службен Весник на РМ “бр.61/2004, 92/2007, 102/2008, 35/2011, 53/2011, 84/2012, 188/2013, 154/2015, 1 92/2015 и 23/2016) и Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот (“Службен Весник на РМ“ бр.54/2012, 17/2013 и 21/2013),Советот на Општина Делчево, на својата 21. редовна седница, одржана на ден 13.03.2023 година, донесе

**ОДЛУКА**

**За утврдување на зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во предходната година на подрачјето на Општина Делчево**

Член 1

Со оваа одлука се определуваат зони за процена на пазарна вредност на недвижен имот и пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште според просечни цени на извршени купопродажби во предходната година на подрачјето на О пштина Делчево.

Член 2

На подрачјето на град Делчево се утврдуваат следните зони

**I.Прва зона** го опфаќа локалитетот помеѓу:

1) улица “Индустриска“- спој на улица“Идустриска“ со улица “Булевар Македонија“-спој на “Булевар Македонија“ со улица “Македонска“ – улица“Македонска“- спој на улица“ Македонска“ со улица “Вера Јоциќ, спој на улица“ Вера Јоциќ“ со улица “Ѓорче Петров“ - улица “Ѓорче Петров“ -спој на улица “Ѓорче Петров“ со новопредвидена пристапна патека согласно ДУП Делчево -спој на новопредвидена пристапна патека согласно ДУП Делчево со река Габровчица- река Габровчица-спој на река Габровчица со улица“Булевар Македонија“-улица “Булевар Македонија“-спој на улица“Булевар Македонија “со улица “Трст“- улица“Трст“-спој на улица “ Трст “со улица “Кеј на ослободубање“ -река Брегалница-завршеток на старо пазариште-спој на старо пазариште со Војниички ендек-спој со Војниички ендек со улица“Маршал Тито“ - улица. “Маршал Тито“ - спој на улица “Маршал Тито „со ул. „Солунска„-ул „Солунска„-спој на улица„Солунска „со улица. „ Маршал Тито“- улица “Маршал Тито“- спој на улица “Маршал Тито“ со Пустевски ендек - Пустевски ендек- Река Брегалница-улица “Индустриска“.

**Прва зона прва подзона** го опфаќа локалитетот помеѓу**:**

1) река „Брегалница –спој на река Брегалница-Пустевски ендек-спој на Пустевски ендек со улица.„Маршал Тито“-улица,„Маршал Тито“ -спој на улица ,Маршал Тито “ со улица.„Индустриска“-улица.“Индустриска“ -спој на улица.“Идустриска“ со “Булевар Македонија“-спој на “Булевар Македонија“ со улица “Македонска“ – улица “Македонска“- спој на крак од улица“Брака Миладиновци“ со улица“Македонска“ -крак од улица „Брака Миладиновци“- улица “Брака Миладиновци“- спој на улица “Брака

Миладиновци "со Новопредвидена улица согласно ГУП Делчево- Новопредвидена улица согласно ГУП Делчево-спој на Новопредвидена улица согласно ГУП Делчево со Киселички пат-Киселички пат-по граница на ГУП

2) улица " Ѓорче Петров"-спој на улица"Ѓорче Петров" со новопредвидена пристапна патека согласно ДУП Делчево -спој на новопредвидена пристапна патека согласно ДУП Делчево со река Габровчица- река Габровчица-спој на река Габровчица со улица "Булевар Македонија" – улица"Булевар Македонија"-спој на улица" Булевар Македонија " со улица" Трст"- улица "Трст"-спој на улица "Трст "со улица "Кеј на ослободубање" -река Брегалница-завршеток на старо пазариште-спој на старо пазариште со Војнички ендек-спој на со Војнички ендек со улица. "Маршал Тито"- улица"Маршал Тито"-спој на урбаниот блок лесна индустрија со урбаниот блок семејно домување согласно ГУП на Делчево-Река "Брегалница"-улица "Орце Николов" до ПСШ "Голак"-Делчево-улица"Булевар Македонија" -спој на улица"Булевар Македонија" со улица "Скопска"-улица"Скопска"-спој на улица "Скопска" со улица"М.М.Брицо"- улица"М.М.Брицо"-спој на улица"М.М.Брицо" со улица" Ѓорче Петров".

II.**Втора зона** го опфаќа локалитетот помеѓу:

1) Спој на улица"Маршал Тито" со улица"Индустриска" – улица"Маршал Тито"- спој на улица"Маршал Тито" со улца"Солунска"-улица "Солунска"-спој на улица" Солунска"со улица" Маршал Тито" –улица"Маршал Тито"-улица спој на урбаниот блок лесна иднустрија со урбаниот блок семејно домување согласно ГУП на Делчево-река Брегалница- Таушански ендек -граница на ГУП-Спој на граница на Гуп со крак на улица"Иво Лола Рибар"-спој на улица " Иво Лола Рибар" со улица"Мирче Ацев"-улица "Миче Ацев" -спој на улица"Мирче Ацев" со улица"Ванчо Прке" –улица "Ванчо Прке"-спој на улица "Ванчо Прке" со улица "Брегалничка" -спој на улица "Брегалничка" со улица. "Илинденска"-улица. "Илинденска"-спој на улица"Илинденска "со улица "Острец"-улица"Острец"-спој на улица"Острец" со улица"Маршал Тито".

2) Новопредвидена улица согласно ГУП Делчево -спој на новопредвидена улица со улица"Брака Миладиновци"-крак од улица"Брака Миладиновци"-спој на крак од ул „Брака Миладиновци „со ул„ Македонска„ - ул„ Македонска„ - спој на ул "Македонска" со улица".Вера Јоциќ"-улица"Вера Јоциќ"-спој на улица "Вера Јоциќ" со улица " Ѓорче Петров"-спој на улица "Ѓорче Петров" со новопредвидена пристапна патека согласно ДУП Делчево -спој на новопредвидена пристапна патека согласно ДУП Делчево со река Габровчица- река Габровчица-граница на ГУП.

2) Населба Пролет

3) улица"Орце Николов" до ПСШ "Голак"-Делчево-Булевар Македонија -спој на Булевар Македонија со улица"Скопска"- улица "Скопска"-спој на улица"Скопска" со улица"М.М.Брицо"- граница на ГУП.

**Втора зона прва подзона** го опфаќа локалитетот помеѓу:

1) спој на улица"Браќа Миладиновци" со улица"Велко Влаховиќ"- улица"Велко Влаховиќ"-спој на улица "Велко Влаховиќ" со улица"Правомајска"-улица "Правомајска"-спој на улица "Правомајска" со улица "Ѓорче Петров"-улица"Ѓорче Петров" до граница на ГУП.

2) граница на ГУП-улица „Видие Смилевски Бато„ -спој на улица„.Видие Смилевски Бато„ со улица „Христијан Тодоровски Карпош„-улца „ Христијан Тодоровски Карпош-„спој на улица „Христијан Тодоровски Карпош„ со крак од улица„.Борис Кидрич„-спој на крак од

улица. „Борис Кидрич „со ендек Грозданец- ендек Грозданец-спој на ендек Грозданец со улица „Маршал Тито„- улица „Маршал Тито„-спој на улица „Маршал Тито„со пат за Голак-пат за Голак-граница на ГУП

**III.Трета зона** ги опфаќа локалитетите:

-Населба „Басарица“

-Туристички локалитет „Голак“

**Трета зона прва подзона** го опфаќа локалитетот:

-Населба „Звегорска Река“

**Трета зона втора подзона** го опфаќа локалитетот помеѓу:

1) Населба „Стрелиште“

2) Линија 1) Спој на граница на ГУП со крак на улица“Иво Лола Рибар“-спој на улица“ Иво Лола Рибар“ со улица“Мирче Ацев“-улица“Миче Ацев“ -спој на улица “Мирче Ацев“ со улица “Ванчо Прке“ –улица“Ванчо Прке“-спој на улица“Ванчо Прке“ со улица“Брегалничка“ -спој на улица“Брегалничка“ со улица “Илинденска“-улица “Илинденска“-спој на улица“Илинденска “со улица “Острец“-улица“Острец“-спој на улица “Острец“ со улица“Маршал Тито“.

Линија 2) Спој на граница на ГУП со улица “Видиео Смилевски Бато“ -спој на ул“Видиео Смилевски Бато“ со улица“Христијан Тодоровски Карпош“-улица“ Христијан Тодоровски Карпош“спој на улица“Христијан Тодоровски Карпош“ со крак од улица“Борис Кидрич“-спој на крак од улица“Борис Кидрич“со ендек Грозданец- ендек Грозданец-спој на ендек Грозданец со улица “Маршал Тито“.

Член 3

Согласно член 16 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот (“Службен Весник на РМ“ бр.54/2012, 17/2013 и 21/2013) а според податоци од предходната година За **прва зона** во елементите за проценка се утврдува четиринаесетта зона, За **прва зона прва подзона** во елементите за проценка се утврдува четиринаесетта зона прва подзона, за **втора зона** во елементите за проценка се утврдува петнаесетта зона, за **втора зона прва подзона** во елементите за проценка се утврдува петнаесетта зона прва подзона, за **трета зона** во елементите за проценка се утврдува шеснаесетта зона, за **трета зона прва подзона** во елементите за проценка се утврдува шеснаесетта зона прва подзона и за **трета зона втора подзона** во елементите за проценка се утврдува шеснаесетта зона втора подзона.

Член 4

Согласно член 22 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот (“Службен Весник на РМ“ бр.54/2012, 17/2013 и 21/2013) за макролокација во елементите за проценка се утврдени за с.**Очипала 15** бодови(евра) за **с.Полето 13** бодови(евра) за **с.Чифлик 10** бодови(евра) за **с.Тработивиште 8** бодови(евра) за с.**Разловци 7** бодови(евра) и с.**Илиово 3** бодови(евра) а согласно член 21 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот (“Службен Весник на РМ“ бр.54/2012, 17/2013 и 21/2013) и согласно Одлука за определување на подрачјата со специфични развојни потреби во Република Македонија во периодот од 2014 до 2018 година бр.42-1515/1 од 10.02.2014 година донесена од Владата на РМ за останатите населени места не се пресметува макролокација.

Член 5

Согласно член 12 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот ("Службен Весник на РМ" бр.54/2012, 17/2013 и 21/2013) а според просечна цена на извршени купопродажби во предходната година за пазарна вредност на градежно земјиште во **прва зона се утврдува 20 евра/м2 , за прва зона прва подзона ,втора зона и втора зона прва подзона се утврдува 15 евра/м2 ,а за трета зона,трета зона прва подзона и трета зона втора подзона се утврдува 10 евра/м2** според среден курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата.

За пазарна вредност на градежно земјиште во Туристички локалитет **Голак се утврдува 15** евра по метар квадратен според среден курс на Народна Банка на Република Македонија на денот на уплатата.

Член 6

Согласно член 12 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот ("Службен Весник на РМ" бр.54/2012, 17/2013 и 21/2013) а според просечна цена на извршени купопродажби во предходната година за пазарна вредност на градежно земјиште во населените места во Општина Делчево се утврдува за **с.Габрово и с.Звегор 300** денари за м2 , за **с.Тработивише 180** денари за м2, за **с.Вирче ,с.Град и с.Стамер 150** денари за м2 ,за **с.Разловци и с.Очипала 100** денари за м2 , и за **сите останати по 45** денари за м2.Овие цени се применуваат за **дворно место и место кое може да биде идно дворно место или место за градба во село најмногу до 500 м2 а останатото земјиште во село се проценува како земјоделско земјиште.**

Член 7

Доколку градежното земјиште се наоѓа во подрачје каде нема донесено Детален урбанистички план а се наоѓа во Генерален урнабнистички план на град Делчево вредноста се намалува од 40% до 70% во зависност од близината на деталниот урбанистички план ,близината на населеното место , поврзаност со инфраструктура и големината на површината.

Член 8

Согласно член 13 од Методологијата за процена на пазарна вредност на недвижен имот ("Службен Весник на РМ" бр.54/2012, 17/2013 и 21/2013) а според просечна цена на извршени купопродажби во предходната година за пазарна вредност на земјоделско земјиште, шуми и пасишта во Општина Делчево се утврдува:

| **Р.Б** | **Вид на земјиште** | **Класа на земјиштето** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII |
| 1. | Нива | 40,00 | 35,00 | 33,00 | 28,00 | 25,00 | 20,00 | 15,00 | 10,00 |
| 2. | Ливада | 35,00 | 28,00 | 22,00 | 18,00 | 14,00 | 11,00 | 9,00 | 7,00 |
| 3. | Овошна градина | 45,00 | 40,00 | 35,00 | 30,00 | 25,00 | 20,00 | 18,00 | 15,00 |
| 4. | Пасиште | 15,00 | 12,00 | 10,00 | 8,00 | 6,00 | 5,00 | 4,00 | 3,00 |
| 5. | Шума | 35,00 | 30,00 | 25,00 | 20,00 | 18,00 | 15,00 | 12,00 | 9,00 |

Член 9

Отстапување на одредени цени на земјоделското земјиште, шумите и пасиштата може да се врши од страна на Проценувачите во следниве случаи:

а) Зголемување , но не повеке од 50% во зависност од
- близина на населено место
- поврзаност со инфраструктура

б) Намалување , но не повеке од 50% во зависност од :
- оддалеченост од населено место
- непристапност на пат
- големина на површина
- за шумите и овошните насади од состојбите на истите

Член 10

Составен дел на оваа Одлука е мапа на град Делчево со определени зони.

Член 11

Со донесувањето на оваа Одлука престанува да важи Одлуката со број 09-162/1 од 25.01.2022 година.

Член 12

Оваа Одлука стапува на сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

Број 09-724 /1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
15.03.2023 год. — Претседател,
Д е л ч е в о — Гоце Попов,с.р.

**4.** Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ" бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на својата 21.редовна седница, одржана на ден 13.03.2023 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**За усвојување на Завршната сметка**
**на ЈЛБ "Илинден"-Делчево за 2022 година**

1.Се усвојува Завршната сметка на ЈЛБ „Илинден" -Делчево за 2022 година и тоа:

- сметка за наменска дотација
- сметката за сопствени приходи

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

Број 09-725 /1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
13.03.2023 год. — Претседател,
Д е л ч е в о — Гоце Попов, с.р.

5. Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 21.редовна седница, одржана на ден 13.03.2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Завршната сметка
На ОЈУДГ „Весели Цветови“ – Делчево за 2022 година

1. Се усвојува Завршната сметка на ОЈУДГ „Весели Цветови“ – Делчево за 2022 година и тоа:

-сопствена сметка 7200102259787-10
-наменска сметка 7200102259903-14
-донаторска сметка 7200102259785-12

2.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 726 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
13.03.2023 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

6. Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.весник на РМ“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 21.редовна седница, одржана на ден 13.03.2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Завршната сметка
на ООУ „Св.Климент Охридски“Делчево за 2022

1. Се усвојува Завршната сметка на ООУ Св.Климент Охридски„ – Делчево за 2022 година и тоа:
   - Сметка за наменска сметка 903
   - сметката за сопствени приходи 787

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09 -727 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
13.03.2022 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

7. Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.весник на

РМ“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 21.редовна седница, одржана на ден 13.03.2023 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Завршната сметка
на ООУ „Ванчо Прке“Делчево за 2022

2. Се усвојува Завршната сметка на ООУ “Ванчо Прке – Делчево за 2022 година и тоа:
- Сметка за наменска дотација 903
- сметката за сопствени приходи 787
- донациска сметка 603

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 728/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
13.03.2023 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

**8.** Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 34 од Статутот на Општина Делчево („Сл.весник на РМ“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на својата 21.редовна седница, одржана на ден 13.03.2022 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

За усвојување на Завршната сметка

на СОУ „М.М.Брицо“Делчево за 2022

1. Се усвојува Завршната сметка на СОУ “М.М.Брицо – Делчево за 2021 година и тоа:

- наменска буџетска сметка 7200-105-371-903-10
- сметката за сопствени приходи 7200-105-371-787-15
- донациска сметка 7200-105-371-787-14

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во

„Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-729 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

13.03.2023 год. Претседател,

Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

**9.** Врз основа на член 12 од законот за јавна чистота (Службен весник на Р.М.,, бр.111/08), член 7 од Одлуката за одржување на јавната чистота во Општина Делчево (Службен глесник на Општина Делчево,, бр.8 од 17.11.2008) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр.5/02), Советот на Општина Делчево на 21. Седница одржана на ден 13.03.2023 година,ја донесе следната

ПРОГРАМА
ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНА ЧИСТОТА
ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО ЗА 2023 ГОДИНА

ВОВЕД

Под поимот одржување на јавна чистота се подразбира чистење (миење и метење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти како и чистење на мраз во зимски услови.

Со Програмата за одржување на јавната чистота се предвидуваат видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските средства потребни за реализација како и временските рокови за извршување на работите и динамиката и начинот на извршување на работите.

Согласно Одлуката за одржување на јавната чистота во Општина Делчево донесена од Советот на Општина Делчево број 07-701/1 од 14.11.2008 година, одржувањето на јавната чистота во Општина Делчево го врши Јавното комунално претпријатие,,Брегалница,, Делчево.

ВИД И ОБЕМ НА РАБОТИТЕ

Со Програмата се предвидени работи за одржување на јавната чистота од следните јавни површини: улици, тротоари, плоштади, кејови, мостови, паркинг простори, пазаришен простор, пешачки патеки, парковски површини и градско зеленило и други уредени отворени простори.

Во одржувањето на јавната чистота ќе се извршуваат следните работи:

-Метење на улици, тротоари, пешачки патеки, паркинзи, пазаришен простор и други јавни површини,

-Миење на улиците и јавните површини,

-Собирање и транспортирање на сметот од улиците, тротоарите и јавните површини, празнење на корпи за отпадоци, отстранување на атмосверски наноси,

-Чистење на снегот и мразот во зимски услови од тротоарите и јавните паркинг простори,

-Вонредно чистење во случај на елементарни непогоди и отстранување на штети од истите.

ДИНАМИКА, ВРЕМЕНСКИ РОКОВИ И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ

Метењето на улиците и другите јавни површини (тротоари, пешачки патеки, паркинг простори) во централното градско подрачје, каде јавнитре површини се со густа фреквенција на движење ќе се врши секој работен ден во неделата освен во зимски услови кога има поголема количина на снег и мразпо тротоарите и пешачките патеки.

Во зависност од временскиот период во годината метењето на улиците ќе се врши:

- Од 06.00-14.00 часот во периодот од 01.04 до 31.10 (летен период)
- Од 07.00-15.00 часот во период од 01.11 до 31.03 (зимски период)

МЕТЕЊЕ НА УЛИЦИ И ЈАВНИ ПОВРШИНИ

| Ред.бр | Улица – јавна површина |
|---|---|
| 1 | Ул.,,Маршал Тито,,(Од ветеринарна станица до касарна) |
| 2 | Ул.,,М.М.Брицо,, (Од мостот на р.Брегалница-семафорите од двете страни на булеварот, до стара зграда на Општина Делчево) |
| 3 | Булевар ,,Македонија,, (Од АД Фротирка до Шумско стопанство) |

| | |
|---|---|
| 4 | Ул.,,Индустриска,, (Од спој со Бул.Македонија, ул.Светозар Марковиќ, до ул.,,Маршал Тито,,) |
| 5 | Ул.,,Н.Ј.Вапцаров,, (Од ,,Дамјанов,, - ОУ,,Ванчо Прќе,,-Градски Парк АСНОМ |
| 6 | Кеј на Ослободување (Од мостот до Градски стадион) |
| 7 | Градски Пазар |
| 8 | Паркинг пред Спомен дом АСНОМ |
| 9 | Паркинг пред Здравен дом |
| 10 | Детски игралишта во Милково Брдо, Стар расадник и игралиште зад Стар пожарен дом |
| 11 | Парк на Кеј на Ослободување |
| 12 | Детско игралиште во Ново Делчево |
| 13 | Пешачки остров на ул.,,Македонска,, и ул,,Пере Тошев,, |
| 14 | Пешачки остров на ул,,Пере Тошев,, |
| 15 | Пешачки остров на ул.,,Македонска,, и ул,,Велко Влаховиќ,, |
| 16 | Парк кај нова црква ,,Св.Кирил и Методи,, |
| 17. | Мини парк (кај стариот градски пазар- 200м2 |
| 18. | Пешачки мост Гоце Делчев со пристапи 300м2 |
| 19. | Ул.,,3,, кај нов градски пазар |
| | Вкупно површина од 20.700м2 |

-Миењето на улиците ќе се извршува во летниот период (01.06 до 30.09) во временскиот интервал од 04 – 07 часот еднаш во неделата

МИЕЊЕ НА УЛИЦИ

| Ред.бр | Улица – јавна површина |
|---|---|
| 1 | Ул.,,Маршал Тито,,(Од ветеринарна станица до касарна) |
| 2 | Ул.,,М.М.Брицо,, (Од мостот на р.Брегалница-семафорите од двете страни на булеварот, до стара зграда на Општина Делчево) |
| 3 | Булевар ,,Македонија,, (Од Бензинска пумпа ,,МАКПЕТРОЛ,, до раскрсница со улица ,,Скопска,,) |
| 4 | Ул.,,Индустриска,, (Од спој со Бул.Македонија, ул.Светозар Марковиќ, до ул.,,Маршал Тито,,) |
| 5 | Ул.,,Н.Ј.Вапцаров,, (Од ,,Дамјанов,, - ОУ,,Ванчо Прќе,,-Градски Парк АСНОМ |
| 6. | Ул.,,3,, кај нов градски пазар |
| | Вкупно површина од 10.700м2 |

УЛИЦИ И ПОВРШИНИ ОД КОИ СЕ СОБИРААТ ОТПАДОЦИ

Собирање на отпадоци од улиците, тротоарите и јавните површини, празнење на корпи за отпадоци, отстранување на атмосверски наноси (песок, камен, кал, лисја и сл. По поројни дождови) се врши секој работен ден во годината.

| Ред.бр | Улица – јавна површина |
|---|---|
| 1 | Ул.,,Маршал Тито,,(Од ветеринарна станица до касарна) |
| 2 | Ул.,,М.М.Брицо,, (Од мостот на р.Брегалница-семафорите од двете страни на булеварот, до стара зграда на Општина Делчево) |
| 3 | Булевар ,,Македонија,, (Од АД Фротирка до Шумско стопанство) |
| 4 | Ул.,,Н.Ј.Вапцаров,, (Од ,,Дамјанов,, - ОУ,,Ванчо Прќе,,-Градски Парк АСНОМ |
| 5 | Градски Пазар |
| 6 | Градски парк пред Спомен дом АСНОМ |
| 7 | Парк на Кеј на Ослободување |

| | |
|---|---|
| 8 | Детско игралиште во Ново Делчево |
| 9 | Пешачки остров на ул.,,Македонска,, и ул,,Пере Тошев,, |
| 10 | Пешачки остров на ул,,Пере Тошев,, |
| 11 | Пешачки остров на ул.,,Македонска,, и ул,,Велко Влаховиќ,, |
| 12 | Кеј на река Брегалница |
| 13 | Голак сцена и спортски игралишта |
| 14 | Парк кај нова црква ,,Св. Кирил и Методи,, |
| 15. | Мини парк ( стар градски пазар) 200м2 |
| 16. | Ул.,,3,, кај нов градски пазар |
| | Вкупно површина од 20.470м2 |

ЧИСТЕЊЕ НА СНЕГ И МРАЗ ВО ЗИМСКИ УСЛОВИ

Во зимски услови кога улиците се прекриени со снег и е оневозможено редовното метење на улиците и јавните површини опфатени со оваа Програма ЈПКД ,,Брегалница,, Делчево ќе врши чистење на снегот од тротоарите и нивно посипување со сол и песок во централното градско подрачје како и кај детските установи, пешачки премини, мостовите, паркиралиштата и сите други прометни јавни површини во градот.

Чистењето на снегот пред објектите (пристапот до самиот објект) е обврска на самите корисници и сопственици на објектите.

Во зимски услови ќе се врши чистење на снегот и мразот од следните јавни површини:

| Ред.бр | Улица – јавна површина |
|---|---|
| 1 | Тротоари на ул.,,Маршал Тито,,(Од ветеринарна станица до касарна) |
| 2 | Тротоари на ул.,,М.М.Брицо,, (Од мостот на р.Брегалница-семафорите од двете страни на булеварот, до стара зграда на Општина Делчево) |
| 3 | Тротоари на булевар ,,Македонија,, (Од Бензинска пумпа ,,МАКПЕТРОЛ,, до раскрсница со улица ,,Скопска,,) |
| 4 | Тротоари на ул.,,Индустриска,, |
| 5 | Тротоари на ул.,,Светозар Марковиќ,, |
| 6 | Тротоари на ул.,,Кеј на ослободување-десниот тротоар гледано во правец на градскиот базент) |
| 7 | Паркинг пред спомен дом АСНОМ |
| 8 | Паркинг пред Здравен дом,,Гоце Делчев,, |
| 9 | Градски пазар 200м2 |
| 10 | Пешачки мост Гоце Делчев со пристапи 300м2 |
| 11. | Тротоар на улица ,,3,, |
| | Вкупно површина од 13.900м2 |

**ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИТЕ**

Преглед на потребни финансиски средства за спроведување на Програмата за одржување на јавната чистота во Општина Делчево за 2021 година

| Ред.бр. | Позиција | Ед.мера | Количина | Ед.цена | Вкупна цена |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Метење на улици и јавни површини-секојдневно(282 дена во годината) | М2 | (20.500x261) (+200m2+300м2) 5.350.500 | 0.15 | 802.575.00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | Миење на улици - 4мес.х4пати-16 пати во годината | М2 | (10.700x16) 171.200 | 0.50 | |
| 3 | Собирање на отпадоци од јавни површини-секојдневно 282д. | М2 | (20.270x261) (+200m2) 5.290.470 | 0.15 | 793.570.00 |
| 4 | Чистење на снег и мраз во зимски услови-зимски период | М2 | 13.900 | 8.50 | 118.150.00 |
| 5 | Набавка и поставување на улични корпи за отпадоци | Бр. | 10 | 2.000.00 | 20.000.00 |
| | | | | | |
| | ВКУПНО | | | | 1 734 000.00 |

ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ЗА 2023 ГОД.

| Ред.бр. | приходи | Износ во ден. |
|---|---|---|
| 1 | Надомест за јавна чистота од домаќинствата | 1.700.000.00 |
| 2 | Надомест за јавна чистота од правни лица | 450.000.00 |
| | | |
| | ВКУПНО | 2.150.000.00 |

Пресметките се дадени во случај наплатата да биде 100%.

Наплата на надоместокот за одржување на јавна чистота ќе ја врши ЈПКД,,Брегалница,,-Делчево преку доставување на фактурите за извршени комунални услуги.

Надоместокот за одржување на јавната чистота на фактурите ќе се прикажува одвоено.

Средствата собрани од надоместокот за одржување на јавната чистота се приход на буџетот на Општина Делчево. Пренесувањето на средствата на давателот на услугата ЈПКД,,Брегалница,,-Делчево ќе се врши врз основа на склучен договор по доставени фактури за извршени работи од страна на ЈПКД,,Брегалница,, Делчево.

Надзор над спроведувањето на оваа Програма врши Овластениот инспектор за комунални работи и животна средина на Општина Делчево.

Број 09-730/1 — СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
13.03.2023год. — Претседател
Делчево — Гоце Попов,с.р.

10. Врз основа на член 19 од Законот за управување со отпад (,,Сл.весник на РМ,,бр. 68/2004),а согласно член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.,весник на РМ бр.5/02) Советот на Општина Делчево, на својата 21.редовна седница одржана на ден 13.03.2023 година донесе

## ПРОГРАМА
## за управување со отпад за 2023 година
## во Општина Делчево

## 1.Вовед

Согласно член 21, став 1, од Законот за управување со отпад и Закон за управување со дополнителни текови на отпад ("Службен весник на РМ" бр.216/21), Законот за управување со пакување и отпад од пакување и Закон за проширена одговорност на производителот за управување со посебни текови на отпад ("Службен весник на РМ" бр.215/21), Закон за управување со електрична и електронска опрема и отпадна електрична и електронска опрема и Закон за управување со батерии и акумулатори и отпадни батерии и акумулатори (,,Службен весник на РМ,, бр.176/21) за спроведување на своите планови за управување со отпад, општините изготвуваат годишни програми. Законот пропишува дека овие програми треба да бидат во согласност со Планот за управување со отпадот, како и со Националната Програма за управување со отпадот која ги донесува органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина и Националната Стратегија за управување со отпадот што ја донесува Владата на Републиката.

Советот на Општина Делчево во 2019 година го има донесено четиригодишниот план за управување со отпад на Општина Делчево ( 2019-2023 ) и истиот истата година има добиено согласност од Министерството за животна средина и просторно планирање.

Програмата е изработена согласно барањата на Законот за управување со отпадот, во согласност со Стратегијата за управување со отпад (2008-2020), Националниот план за управување со отпад (2020-2030) и Планот за управување со отпад на Општина Делчево( 2019-2023). Истата се прави заради системски пристап кон заштитата на животната средина, намалување на стакленички гасови, намалување на количина на отпад, диви депонии и сл.

## 2.Анализа на состојбата

Врз основа на извршени теренски истражувања, барања на граѓаните и извештаи утврдено е дека во Делчево недостасува системски пристап кон решавање на проблемот со отпад со вклучување на сите релевантни институции со подеднакво учество на мажи/жени во донесување на одлуките и одредување на приоритетите.

Од мапирање на проблемите утврдено е дека најголем проблем се дивите депонии, нестандардизирана депонија, неселективно управување со отпадот и др.

## 3.Цели

### 3.1.Општа цел

Изготвувањето на Програмата за управување со отпад има приоритетна цел - Заштита на животната средина преку системско управување со отпад

### 3.2.Специфична цел бр.1

Подобрување на управување со општинската депонија

Постојниот начин на депонирање на отпадот не ги задоволува елементарните стандарди за основно депонирање. Самата депонија исто така не ги задоволува основните стандарди за ваков вид на депонии. Поради тоа една од примарните акции за 2023година е создавање на основни услови за соодветно управување на депонијата, а тоа е преку регионален пристап во управувањето со отпад. Изработен е и потврден документот за регионално управување со отпад и истиот е усвоен од страна на МОЕПП.

Согласно Стратегијата за регионално управување со отпад општината се приклучи кон спроведување на мерките и активностите на истата.

Општина Делчево- дел од регионалниот систем за управување со отпадот

Регионалниот пристап во решавање на управувањето со отпадот, според НПУО е единствен начин за создавање на одржлив систем за управување со отпадот. Дефинираните приоритети на државно ниво од аспект на заштита на животната средина се решавање на управувањето со комуналниот цврст отпад и решавање на проблемот со нетретирање на отпадните комунални води. Како прв чекор за реализацијата на оваа стратешка цел беше изработката на физибилити студија за регионално управување со отпад за Источниот плански регион.

Во согласност со Националниот план за управување со отпад и неговите зацртани цели, во текот на 2014 година еден многу значаен документ- Регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион беше одобрен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање , а потоа во 2015 година истиот беше усвоен од страна на советите на сите општини во Источниот плански регион и Општина Свети Николе која што е приклучена кон овој регион за прашањата на регионално управување со отпад.

Според целите и насоките на Регионалниот план, во моментот се спроведуваат два многу значајни проекти, а уште неколку се планирани за натамошниот период. Сите овие проекти финансирани се од страна на Европската Унија, со грантови односно неповратни средства во висина од 85% од буџетите на проектите и 15% од буџетот на Републиката.

Во согласност со насоките од Регионалниот план за управување со отпад во Источен плански регион, се спроведуваат два проекти:

1. Ннабавка на опрема за собирање и транспортирање на отпад во Источниот и Североисточниот регион и
2. Подготовка на техничка и тендерска документација за затворање на несоодветни депонии и диви депонии во Источниот и Североисточниот регион.

Затворањето на депониите ќе се изведува во 2 фази:

Прва фаза: Расчистување на дивите депонии (вкупно 102 диви депонии во двата региони) и затворање на помалите општински депонии и депониите кои претставуваат висок ризик кон животната средина и

Парцијално затворање на останатите депонии, кои би останале оперативни и би ги прифаќале и количините на отпад од општините чии што депонии би биле веднаш затворени.

Втора фаза: Комплетно затворање на постоечките депонии, откако ќе се отворат регионалните центри за управување со отпад.

Стратегиска цел бр.2

Процена на видот и количеството отпад што се создава на територијата на Општина Делчево

Проценката на сегашната состојба опфаќа голем број видови отпад како комунален отпад, комерцијален отпад, индустриски неопасен отпад, инертен отпад (градежен шут), опасен отпад создаден од различни субјекти, како и одреден број специфични видови отпад како: преносливи батерии, медицински отпад, земјоделски отпад, отпадни гуми, отпадни масла, отпадна електронска и електрична опрема. Сепак, подетално се анализирани состојбите со видовите отпад кои се во директна надлежност на локалната самоуправа: комунален, комерцијален, друг вид (како на пр. Индустриски) неопасен отпад и инертен отпад-градежен шут. Анализирано е создавањето на овие отпади како и сите операции кои се застапени во постапувањето со нив: собирање, транспортирање, третман, преработката, со акцент на рециклирањето како и компостирањето и отстранување со депонирање.

Стратегиска цел бр.3

Санација на пристапниот пат до депониjата

Со цел да се намали неконтролирано исфрлање на отпад и создавање на диви депонии потребно е да се пристапи кон порамнување на пристапниот пат кој води до депонија ,,Острец,, кој се јавува како една од важечките причини заради недепонирање на отпадот од страна на физички лица на гореспоменатата депонија , а коко последица на што се јавуваат помали и помногубројни диви депонии.

Стратегиска цел бр.4

Извори на финансирање на мерките и активностите (инструментите)

Финансирањето на различните мерки и активности (инструменти) предвидени со Програмата се реализира преку повеќе извори како:

1. Буџет на Општина Делчево ;
2. Буџет на РСМ
3. Меѓународни финансиски институции (Светска банка, и сл.);

1.Опис и отценка на постоечката состојба во управувањето со отпад во ЕЛС-Делчево

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Буџет | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| **1.Евидентирање на типови и количини на отпад, кои се создава во Општината и нивно соодветно управување.** | **1.1.Развивање на соодветна база на податоци за генерираните количини и видови на отпад**<br>**1.2.** Развивање на систем за сепарирање и собирање биоразградлив отпад | **Општина Делчево** | | **Општина Делчево ЈПКД,,Брегалница,** |
| 1.Порамнување на отпадот на депонија ,,Острец,,и посипување слој од земја со цел да се спречи самозапалувањето, а потоа ќе се пристапи кон депонирање по ред | -Анализа на затекнатата ситуација<br>-Проценка на финансиските средства потребни за реализација на активноста | Општина Делчево ЈПКД ,,Брегалница, | 200.000 | Со сопствени средства |
| 2.Регионален пристап во управувањето со отпад<br><br>-Општина Делчево дел од регионалниот систем за управување со отпадот | -Учество во регионално решавање на управувањето со отпад<br><br>-Следење на насоките на дејствување во реализација на проектите се до затварање на оперативните депонии | ЈПКД,,Брегалница,, Општина Делчево МЖСПП | | Меѓубародни финансиски институции МЖСПП |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3.Евидентирање на дивите депони | 3.1. Теренска обиколка на целата територија на Општината<br>3.2. Проценка на капацитетит на сите диви депонии<br>-зелени појаси( засадување н дрвја и затревување) | Општина Делчево<br>ЈПКД,,Брегалница,, | 100.000 | Општина Делчево<br>МЖСПП |
| 4. расчистување на дивите депони и рехабилитација на истите | 4.1.Подготовка на План за затварање на дивите депони и нивна ревитализација<br>4.2Чистење/затварање на ди депонии<br>4.3. Ревитализација на просторите, зафатени со диви депонии | МЖСПП<br>Општина Делчево | | Меѓубародни финансиски институции<br>МЖСПП<br><br>Програма на Влада за та за озеленување-прек проекти за зголемување на зелените површин и<br>Програма за животна средина |
| 5.Собирање на растителен отпад дворните места во текот на месец октомври,ноември и декември | -Со предходна консултација и соработка со населението | ЈПКД,,Брегалница,, | 50. 000 | ЈПКД,,Брегалница,, |
| 6.Собирање на габаритен отпад од домакинствата | -По предходна консултација и известување на населениет | ЈПКД,,Брегалница,, | 50.000 | ЈПКД,,Брегалница,, |
| 7.Собирање и селектирање на ПЕ амбалажа и отпадот од хартијаи стакло | -Поставување на садови за селекција<br>-Едукација на населението за бенефитите од селективниот пристап на управување со отпад | ЈПКД,,Брегалница,,<br>Општина Делчево | | ЈПКД Брегалница<br>Општина Делчево<br>МЖСПП |

2.Зголемување на бројноста на садови за собирање на отпад на јавните површини

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Буџет | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1.Замена и поправка на садовите з собирање на отпад поставени на јавните површини и да се поставаат нови на местата на кои им потреба од истите и на трите парцели на градските гробишта | -Отстранување на старит садови;<br>-Поправка каде е е можн<br>-Одредување на локаци за поставување на нови | Општина Делчево и ЈПКД,,Брегалница,, | 50.000 | ЈПКД,,Брегалница,, |
| 2.Зголемување на бројот на контејнери во градските и селските подрачја | -Поведување на тендерс постапка за избор на фирма за набавка на контејнери<br>-Поставување на контејнери во Град, Вирче<br>И Стамер. | МЖСПП<br>Општина Делчево<br>ЈПКД Брегалница | 300.000.00 | Општина Делчево<br>ЈПКД Брегалница |

**3.Управување со опасен отпад**

| **Задачи** | **Активности** | **Одговорна институција** | **Буџет** | **Извори на финансирање** |
|---|---|---|---|---|
| 1.Одредување на локации за собирање отпад за стакло | -Јавна кампања | Општина Делчево и ЈПКД,,Брегалница,, | 20 00 00 | Општина Делчево и ЈПКД,,Брегалница,, |
| 2.Решавање на проблемот со управување со отпадни гуми и масла | -Иницирање за интегрално решавање на проблемот | Општина Делчево | .................. | Општина Делчево<br>ЈПКД,,Брегалница,, |
| 3.Решавање на проблемот управување со отпад од животинско потекло | Одредување на локација за закопување на изумрени животни | Општина Делчево | .................. | Општина Делчево<br>ЈПКД,,Брегалница,, |

**4.Едукација на населението**

| Задачи | Активности | Одговорна институција | Буџет | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|---|
| 1.Подигнување на јавната свест кај населението | -Информирање на јавноста<br>-Припрема на кампањата<br>-Спроведување на кампањата<br>-Амализа на остварените резултати<br>-Организирање на акции | Општина Делчево | 50.000 | Општина Делчево |

## 5.Мониторинг

Мониторинг на спроведување на активностите ќе се врши најмалку еднаш месечно од страна на овластени лица- комунален инспектор, комунални редари и инспектор на заштита на животната средина.

Мониторинг ќе се врши по предходно направен план за мониторинг со обезбедени податоци од Одделението за урбанизам,заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и локален економски развој изведувачот на работите и анкетирање на граѓани.

6.Евалуација

Евалуација ќе се направи на една година/шест месеци од отпочнување со реализација на програмата со Извештај за извршена Евалуација од страна на лице од одделението за урбанизам,заштита на животната средина, комунални дејности, сообраќај и локален економски разво.ј

Извештајот ќе биде изготвен на почетокот на следната година и ќе биде даден на усвојување на Советот на општина Делчево.

Број 09-731/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
13.03.2023 Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

11. Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 143 став 2 од Деловникот на Советот на општина Делчево,и член 36 став 1 од Законот за рамномерен регионален развој (Службен весник на РМ. Бр. 63/07, 187/13 и 43/14, 215/2015 Советот на општина Делчево на својата 20 седница одржана на ден 13.03.2023 година ја донесе следната

ОДЛУКА

За сопствено финансиско учество

За проект РЕГУЛАЦИЈА НА КОРИТОТО НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО НИЗВОДНО- фаза 2“.

Член 1

Со оваа одлука се дава приоритет и се утврдува намената на проектот **„РЕГУЛАЦИЈА НА КОРИТОТО НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО НИЗВОДНО- фаза 2“.**

Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, а по Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 година Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува **21.511.636** денари.

Член 2

За реализација на проектот **„РЕГУЛАЦИЈА НА КОРИТОТО НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО НИЗВОДНО-фаза 2“** ќе се обезбеди учество од буџетот на општина Делчево од 30% односно 6.453.491.00 денари со вклучен ддв.

Член 3

Средствата потребни за реализација на проектот **„РЕГУЛАЦИЈА НА КОРИТОТО НА РЕКА БРЕГАЛНИЦА ВО ЦЕНТРАЛНОТО ГРАДСКО ПОДРАЧЈЕ НА ГРАД ДЕЛЧЕВО НИЗВОДНО “**ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа, а по Програмата за рамномерен регионален развој за 2023 со индикативно планирани средства за 2024 година **прку Цнтарот за развој на Источен плнски регион.**

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во „Службен Гласник на општина Делчево“.

Бр.09-732/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

13.03.2023 Претседател,

Делчево Гоце Попов,с.р.

12.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ бр.5/02), член 6 став 2 и став 3 од Законот за комуналните такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/04.....23/2016 и Службен весник на Република Северна Македонија“бр.151/21), а согласно член 15 и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.13/15,2/19 и 1/21), Советот на Општина Делчево на својата 21.седница, одржана на 13.03.2023 година, донесе

ОДЛУКА
за ослободување од плаќање на комунална такса за
користење и одржување на јавно осветлување

Член 1

Со оваа одлука Советот на Општина Делчево ги ослободува од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување имателите на електрични броила за мерење на електрична енергија без јавно осветлување во следните населени места:

- с. Петрашевец
- с. Драмче без „Димовско маало“
- с. Киселица
- с. Илиово
- с. Турија
- с. Вратиславци
- с. Косово Дабје
- с. Селник
- с.Ветрен
- с. Црквенец
- с.Бигла без „Бумбарско мало“
- место викано „Долни Бавчи“
- место викано „Бакина Ливада“
- место викано „Брежје“ (Потег од место викано „Манастирски ендек“ кон место викано Брежје“).

Член 2

Се ослободуваат од плаќање на комунална такса за користење и одржување на јавно осветлување имателите на електрични броила за мерење на електрична енергија без јавно осветлување лоцирани и поставени на:

- земјоделско земјиште вон мрежата за јавно улично осветлување и
- придружни објекти во земјоделски површини вон мрежата за јавно улично осветлување.

Член 3

Доколку во наредниот период се постави систем за јавно осветлување имателите на објекти на споменатите населени места ќе бидат дополнително задолжени со наведената такса.

Член 4

Оваа Одлука да биде доставена до Трговското друштво надлежно за дистрибуција на електрична енергија (ЕВН Македонија), за нивно запознавање и понатамошно постапување.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлука за определување на населени места во општина Делчево во кои обврзниците се ослободуваат од плаќање на комунална такса за јавно осветлување Број 09-2707/1 од 26.12.2022 год.(Службен гласник бр.17/22).

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 - 733/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
13.03.2023 година Претседател
Делчево Гоце Попов ,с.р.

13.Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање УП 21- од 21.02.2023 година, Советот на Општина Делчево на својата 21.седница, одржана на ден 13.03.2023 година, донесе

## О Д Л У К А
## за одобрување на финансиски средства на Крум Николовски за печатење на монографија за с. Косово Дабје

Член 1

Се одобруваат финансиски средства во износ од 10.000 денари.
Средствата ќе бидат наменети за печатење на монографија за с. Косово Дабје

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени на им **Крум Николовски** на трансакциска сметка 300007080971033, Комерцијална банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 –734 /1<br>13.03.2023 година<br>Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО<br>Претседател,<br>Гоце Попов,с.р.